Врз основа на член 37-и од Законот за јавни претпријатија,(Службен Весник на РМ бр.38/96...бр.89/22), член 20-г од Законот за вработени во јавниот сектор(Службен Весник на РМ бр.27/14,...159/22,225/24 и последна измена 242/24),член 22 и 23 од Законот за работни односи (Службен Весник бр.62/05...111/23) и член 22 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола, ВД Директорот на

КЈП Нискоградба Битола објавува

Ј А В Е Н О Г Л А С бр.02/2025

За вработување на даватели на јавни услуги на неопределено време за следните работни места :

1. Работно место **Одржувач на канализациона мрежа** шифра на работно место КДР 03 05 В01 013 - 1 (еден) извршител

Општи услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана а вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови:

- да има основно образование
- да има најмалку една година работно искуство во струката

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок, полното работно време изнесува 40 часа неделно, работното време започнува во 7,00 часот и трае до 15 часот, паричниот износ на основната плата за работното место е 30.313,00 денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

Вработувањата се предвидени во Годишниот план на институцијата за 2025 година се: 1 (еден) извршител.

Согласно Годишниот план на институцијата по Јавен оглас 1/2025 година реализирани се 2 (две) вработувања.

-Пополнета пријава објавена на веб страната на КЈП Нискоградба Битола.

Пријавите ќе бидат достапни на веб-страната на КЈП Нискоградба Битола https//www.niskogradbabt.mk, а ќе можат да се подигнат и од архивата на КЈП Нискоградба Битола секој работен ден од 7,00-15,00 часот.

Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Пријавите со потребната документација кандидатите се должни да ги достават во КЈП Нискоградба - Битола, на ул. Булевар 1-ви Мај бб . 7000 Битола, лично или преку пошта.

КЈП Нискоградба-Битола
ВД Директор
Зоран Талевски